З а п и с н и к

Од 17- та редовна седница на Советот на општина Василево

Закажаната седумнаесета седница на совевет на општина Василево за 09.12.2022 петок во 15, 30 не беше одржана, беше презакажана за 11.12. 2022 година во (недела) во 13,00 часот.
Советот на општина Василево ја одржа 17-та редовна седница на ден 11.12.2022 година (недела) со почеток во 13 часот во просториите на ООУ,, Гоце Делчев“ Василево.
Седницата ја свика и ја водеше Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево.
На седницата од оправдани причини не присуствуваа советничката Билјана Ѓоргиева
На седницата присуствуваше Славе Андонов градоначалник на општина Василево, Сањја Стојанова

Пред да биде предложен дневниот ред за работа на седумнаесетата седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од 16-та седница на совет на општина Василево одржана на ден 14.11.2022 година, немаше забелешки по записникот, беше ставен на гласење од присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

За работа на 17-та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог-програма за комунални дејности на подрачјето на општина Василево за 2023 година;
2. Предлог-програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води на општина Василево за 2023 година
3. Предлог-програма за уредување на градежно земјиште во општина Василево за 2023 година
4. Предлог-програма за изградба и реконструкција на водоводната мрежа во општина Василево за 2023 година
5. Предлог-програма за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици во 2023 година
6. Предлог-програма за уредување на просторот на градежното земјиште во руралните подрачја во општина Василево за 2023 година
7. Предлог-програма за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2023 година
8. Предлог-програма за уредување на градежно земјиште во индустриска зона во општина Василево за 2023 година
9. Предлог-програма за изградба и реконструкција на Детски градинки за 2023 година
10. Предлог-програма за локален економски развој на подрачјето на општина Василево за 2023 година
11. Предлог-програма запоставување на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација на локалните патишта и улици по населени места во општина Василево за 2023 година
12. Предлог-програма за спорт, рекреација и манифестации на подрачјето на општина Василево за 2023 година
13. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од ЗТКХ „Али бег“ од с. Градашорци
14. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од организациски одбор на католичката црква „Успение на пресвета Богородица“ од с. Нова Маала

15. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Гамзе Исинова.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 17 -та седница на советна општина Василево за збор се јави Ридван Мемедов член на Советот на општина Василево предлага надополнување на дневниот ред уште со две нови дополнителни точки:

Како 16-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Барање за реализација на службената употреба на Турскиот јазик и неговото латинично писмо на територијата на општина Василево

Како 17- Барање од Одборот на џамијата во село Василево поради потребата за одобрување за градежни материјали.

За збор се јави Живко Атанасов член на Советот на општина Василево постави прашање до претседателот на советот Ристо Делјанов зошто ја презакажа седницата за 11.12.2022 година недела неработен ден советниците сакат да се одмарат со своите семејства, зошто не ја заказа за понеделник или вторник кога е работен ден или во текот на вечерните часови.

Ристо Делјанов претседател на советот на општина Василево во образложението рече дека сите советници се вработени во државни институции за да биде подеднакво за сите советници и да не се наштети на фирмите и институциите каде што работат исто така и за вработените во општината од тие причини беше презакажана седницата за недела на 11.12.2022 година во 13 часот.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека во иднина ќе настојува овој проблем да се реши.

Ване Андонов рече дека сите советници треба да бидат запознаени дека според законот и деловникот за работа советот на општина Василево е во постојано заседавање доколку има потреба седница може да биде свикана нокта и во 12 часот, претседателот е тој кој што закажува презакажува и закажува седница и благовремено да бидат известени тоа е негово право и обврска а на советниците е обврска да присуствуват на седница. Претседателот е тој што за во иднина доколку ја презакаже седницата само треба навремено советниците да бидат обавестени.

Крсто Панов рече дека се случуват и такви работи претседателот мора да даде образложение зошто е презакажана седницата .

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Ридван Мемедов да се надополни дневниот ред уште со две нови дополнителни точки:

Како 16-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Барање за реализација на службената употреба на Турскиот јазик и неговото латинично писмо на територијата на

општина Василево , беше ставен на гласење од присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Вториот предлог на Ридван Мемедов како 17-та точка од дневниот ред да биде: Барање од Одборот на џамијата во село Василево поради потребата за одобрување за градежни материјали. беше ставен на гласење од присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Дневниот ред за работа на седумнајсетата седница на Совет со двата усвоениот предлог на Ридван Мемедов да се надополни дневниот ред уште со две нови дополнителни точки:

како 16-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Барање за реализација на службената употреба на Турскиот јазик и неговото латинично писмо на територијата на општина Василево

и како 17-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Барање од Одборот на џамијата во село Василево поради потребата за одобрување за градежни материјали.

беше ставен на гласење од присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

1.

По отворената расправа по првата точка: Предлог-програма за комунални дејности на подрачјето на општина Василево за 2023 година;збор се јави Ристо Делјанов претседател на комисијата за урбанизам комунални работи и заштита на животната средина рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Александра Мадевска побара образложение

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека оваа програма се носи секоја година во неа се опфатени сите канали што ги има во населените места со цел преку јавното комунално предпријатие да се интервенира како општина и доколку се направи некој тендер как што е со каналот во село Сушево со цел да бидат опфатени каналите по населените места.

Крсто Панов член на советот рече дека после игралиштето во Василево има насобрано губре депонија праша дали може да се преземе нешто да биде исчистено.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека депонијата никојпат не била толку исчистена како сега благодарејќи на тоа што има примано багеристкој што добро си ја гледа работата, понатаму пак ке издејствува целосно да биде исчистена оваа депонија тоа ке се реализизира со гасеницар бидејки со багерот само неможе да се исчисти нема да бидат потрошени ногу средства за тоа има разговарано со Ацо Советникот тоа е

негова инијацетива и според потребите на граганите кој го руши угледот на Василево се планира губрето да биде однесено доле во дупките што ги има. Исто така се планира и во село Пиперево депонијата да се дислоцира да се загради таму преку проектот што е за Чанаклија и Рурален развој, оваа година би требало да биде овој проект како по загрозени наместо парк тие две депонии се планира во текот на идната година да се реализират.

Илми Мустафов член на советот во Градашорци една ипол година еднаш нема дојдено багерот да го исчисти каналот во центарот граганите неможат во сопствените дворови да си влезат, за тоа има обекано од Билент на таму моментално има вода доколку има можност да се донесат два до три камиони песок да се тампонира, децата неможе да одат на училиште. Упати забелешка дека само се гради во Нова Маала од таму има четири советници нивен е градоначалникот додека за Градашорци нема ништо направено доколку има избори советникот Ване иде во малата да собира гласови. Досега во Градашорци нема ништо направено ниту за граганите од Македонска националност нема ништо преземено во Градажорци тоа го гледат сите советници дека само се гради во Нова Маала Рдичево Чанаклија Дукатино и Пиперево.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека убаво кажа на зборови советникот но не кажа дека се реализира улицата покрај каналот во индустриската зона Градашорци преку Светска Банка, без разлика на тоа што е аплицирано од предходниот градоначалник сега пак тој ја реализира, исто така улицата со бекатон во Турската маала каде што лани требаше да се реализира не се реализира оваа година е планирано да се реализира со договор со граганите да се реализира главната или споредна улица за тоа ке одлучат советниците. Рече дека советникот Илми Мустафов беше советник и во предходниот мандат општина е оставена со 100.000.000 долг може слободно како градоначалник да се пофали и искуството кој го има, дегутантно е да се разговара за Нова Маала и Радичево. Нова Маала е една од заборавените неизградени улици исто во Чанаклија и во Василево има 3 до 4 улици неизградени Градашорци 3 Пиперево 3. Доколку се зборува за Радичево таму има проблем со улицата до црквата каде што граганите секојдневно и на празниците секојдневно се движат. Исто се планира и за улицата до манастирот да се асфалтира во Дукатино факт е дека не е направено, идната година ке биде направено но по сугестиа на другите советници ке се одлучи, приоритет ќе биде главната улица бидејќи е во нефункционална состојба, останува истиот проект што го кажа за каналот се разговара да се издејствуват средства и да се реализира во текот на пролет.

Александра Мадевска градоначалникот спомна дека Нова Маала е заборавена од повеке мандати а заборави да каже дека главниот пат што е во Нова Маала беше проект на предходниот градоначалник а сега тој ја реализира според неа битно е да се реализира рече дека тој пат беше најзапоставен во цела општина и според тоа нема никаква врска колку советници во Советот ги има од тоа населено место рече дека и од Градашорци има четири советници таа како советник и градоначалникот се залага подеднакво за сите населени места и донесуват одлука каде што е најпотребно.

Крсто Пановрече ја подржува советничката Александра Мадевска советниците се избрани од граганите градоначалникот е на сите грагани општината е таа што ги решава

проблемите. Исто и во предходниот мандат таму кадешто имаше проблеми се наогаше решение. Смета дека градоначалникот до толку може да најде средства што побрзо да се реши овој проблем, сега е зимски период има дождови ке врнат и снегови добро е тоа што и предходниот и сегашниот градоначалник имат преземено одредени работи, битно е општината да се гради сите советници треба да дадат согласност и без проблеми и да се решават проблемите што се јавуват без да се гледа на партиска основа бидејки тоа се грагани на оваа општина.

Ване Андонов бидејќи беше спомнат од колегата Илми Мустафов рече дека сите знаат дека во Градашоци има добри и коректни односи како на приватна база така и фамилиарно се залага да не дојде до замерки тие се од исто населено место смета дека треба да продолжат да живеат заедно но бидејќи беше прозван сака да му постави две прашања доколку тој дома има доход од 20.000 евра во што ке инвестира и што ке прави а има буџет од 2. 000 евра, како второ гледа дека е голем борец за маалото во Градашорци за народот и добро е тоа и сите советници треба така да се залагат не само за селата од каде што потекнуват сега е присутенпраша каде беше до сега на предходните седници нема ништо против бидејки тој беше спомнат искрено сака да каже на изборната кампанија ги посети сите населени места а имаше населени места каде што досега ги немал видено и кога направи споредба мегу тие села и Градашорци и Василево разликата е голема Василево и Градашорци се населени места кој што имат ногу асфалтирани улици поготово во Василево. Дали е запознаен советникот Илми дека во Градашорци 20% улиците се водат како приватни а не улици за асфалтирање и нема основа да се асфалтират.

Крсто Панов упати критика до советникот Ване Андонов бидејќи зборува вонка од точката на дневен ред.

Ване Андонов рече дека зборуваше бидејќи беше прозван доколку се градеше и во другите населени места како Градашорци се ке беше во ред.

Илми Мустафов рече дека советникот Ване Андонов му има кажно на градоначалникот прво да го чисти каналот секојдневно таму тој минува, рече дека небара од градоначалникот да асфалтира туку само да донесе 2 до 3 камиони песок .

Ване Андонов се јави за репрека факт е дека тој канал не е изчистен за тоа му има кажано на градоначалникот дека треба да се изчисти знат советниците дека во комуналец веке нема работници а нема ни да има.

Крсто Панов: советникот Ване Андонов не е тој што треба да обвинува и да прашува каде бил на предходните 10 седници з атоа има претседател н акој што е известено од која ричина не бил присутен советникот Илми на предходните седници евидентирано е во евиденциониот лист оправдано или неоправдано за тоа одлучува претседателот на советот.

Ристо Делјанов претседател на Советот рече дека за секое одсуство е одбележано дали е оправдано или неоправдано.

Билент Исинов советниците треба да се почитуват мегу себе да имат кодекс на однесување бидејќи и тој потекнува од маалото на Илми Мустафов тоа не е точка на дневен ред не треба да се дозволи да се дискутира по тема која е надвор од точката на дневен ред.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево околу каналот се Леонардо како позапознаен тврди дека таму има кабли за тоа нахнадно ке се утврди на лице место лично ке се потруди за танпонирање иако сите количини на чкл се исцрпени има опција каде што може да се донира и уште во текот на денот ќе стапи во контакт, смета дека овој проблем ке биде решен, советниците треба да се предржуват по дневниот ред доколку се препукуваат еден на друг никогаш нема проблемите да се решат .

Немаше друг пријавено за збор првата точка: Предлог-програма за комунални дејности на подрачјето на општина Василево за 2023 година; беше ставен на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,,нема.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Предлог-програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води на општина Василево за 2023 година;збор се јави Ристо Делјанов претседател на комисијата за урбанизам комунални работи и заштита на животната средина рече дека конисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Градоначаликот Славе Андонов рече дека оваа програма е прв пат со таква содржина на средства и наведени села, интенција е да се направи повеќе во склоп на можност кој што ги има тоа е основен проблем на сите посебно на равничарските села е проблем, се знае кој трошоци ги има населението од Пиперево, Ангелци и селата од повисоките места Владевци и Радичево, се оди во рамки на реалните можности и опчекувањата и од аспект на тоа што има како информација повиците кој што ќе ги има до година и можностите на општината да распише. Еден има за Василево, минатата седница кога се гласаше за програмата посака една фирма да не биде , мегутоа сега се погоди ова фирма каде што мака се мачи за изградбата на тој крак фекална канализација, обеќано е дека наредната недела ќе почне да се гради, договорот е подпишан средствата се изгласани од Советот почнато е со постапката и има известување доколку не се спроведе во одредениот рок да може да се раскине договорот. се надева дека идната недела ќе одпочне се надева дека до година ќе се отворе ИПАРД што беше за земјоделие таму ќе има и за општините со поголеми средства за да може оголем дел да се реализира канализација. Идната година се прави напори да се реализира со средства од граганите во четирите населени места Ангелци, Градашорци Василево и Пиперево, сега се во потрага на моделат како да се изведе бидејќи граѓаните укажуват дека може тие да платат дел од средстват тоа што е за приклучок тоа треба Советот да го усвои само треба да се утврди моделот на кој начин ќе биде спроведено. Опфатени се три села програмата може секогаш да се менува доколку има средства и повици да има советот е во постојано заседавање.

Немаше друг пријавено за збор втората точка: Предлог-програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води на општина Василево за 2023 година; беше ставен на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,,нема.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Предлог-програма за уредување на градежно земјиште во општина Василево за 2023 година; збор се јави Ристо Делјанов претседател на комисијата за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина рече дека конисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево даде образложение рече дека оваа програме е една од главните програми на приходи во која се одредени надоместоците по кој се наплатува за изградба за комуналии, имаше голема инвестиција минатата година кога дојде како градоначалник околу информацијата дека ќе се гради болница во општината заедно со советниците беше изменета оваа програма. За болници каде што беше наплатена добра сума од 2.5000 000 денари. Рече дека имаше направено пропусти предходно дали од незнаење или неискуство со години А1 има копано во нашата општина предходниот градоначалник има дадено решеније а А1 немат наплатено надоместок исгубени се 50.000 евра предходниот градоначалник го нема планирано тоа во програмата. Во наредниот период разни оператори ке сакат да копат а за тоа мора да платат надоместок за штети сега сето тоа е опфатено во програмата.

Александар Митров рече дека А1 мора да плати за штетите предходно што ги има направено да се санират.

Градоначалник Славе Андонов рече дека има пуштено опомена на А1 имат правен тим има добиено решение градоначалникот не може да оди против тоа решение бидејки во програмата предходно немаше предвидено да се плаќа. Од кога е дојден тој како градоначалник според програмата EVN има наплатено мала сума.

Немаше друг пријавено за збор третата точка точка од дневниот ред Предлог-програма за уредување на градежно земјиште во општина Василево за 2023 година; беше ставен на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,,нема.

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред: Предлог-програма за изградба и реконструкција на водоводната мрежа во општина Василево за 2023 година

;за збор се јави Ристо Делјанов претседател на комисијата за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека има голем проблем со водата во сите населени места освен населените места Сушево и Владевци тие сами си ја одржуват што значи сме назад вратени, наместо сега да се разговара за канализација сега треба да се планира како да се среди водата за кој што се потребни ногу средства да се дадат за филтер станицата во Ташли Баир 50.000 000 денари и за Нова Маала 60.000 000 денари мора прво да се реши проблемот за водата има разговарано за неколку извори на средства ќе се ангажира да се направат проекти еден има направено дополнително за Василево Градашорци и Ангелци тој дел што го опфака лани Министерството за животна средина не одби, како прво таму треба да се смени песокта бидејки не е сменета од кога беше градоначалник Славе Христов сега тоа е приоритет го има тој песок но не фунционира и доколку нема таложници на таков систем тогаш се ставувало на филтер станица мегутоа песокта мора да се смени за тоа се потребни околу 1.000 000 денари идната година мора да се реализира бидејќи проблеми ке има.

Александра Мадевска, градоначалникот убаво кажа дека водата е загадена но треба да мислиме дека граганите плаќат и најскапа вода за пиење праша дали може да се намалат цените додека се направи бидејќи плаќа најскапа вода во регионот.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека сега во Министерството ќе излезе повик има преставници од власта ќе може да помогнат но тој повик кој што е под министерството на Дуи не помина само мина кај градочалниците од Дуиа пликацијата е таа друга не треба

Александра Мадевска, побара 5 дена напред да бидат известени.

Живко Атанасов праша колку песок собират филтер станиците и каква треба да биде песокта смета дека не е толку скапа таа песок

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека се работи за 2 филтер станици Ташли Баир и Нова Маала за количината за песок пишува во проектот се работи за 1.000 000 денари кварцен песок.

Немаше друг пријавено за збор четвртата точка од дневниот ред: Предлог-програма за изградба и реконструкција на водоводната мрежа во општина Василево за 2023 година беше ставена на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

5.

По отворената расправа по петата точка од дневниот ред: Предлог-програма за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици во 2023 година за збор се јави Ристо

Делјанов претседател на комисијата за урбанизам за комунални дејности и заштита на животната средина рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече за тоа ќе има извештај на наредната седница разговарано е за реализација на патишта за оваа година знат советниците колку беа во можност беа направени неколку улици реализација на некој капитални проекти ги имат видено на извештајот на седницата со враќање на средства према фирми што имат изградено капитални проекти и тие што се направени 100%таква реализација досега нема во општина Василево, фирмите кој имат реализирано мора да им биде исплатено. До крајот на годината ќе се реализира и улицата во Пиперево и со тоа се завршува во делот на програмата, другите останати што се нереализирани ќе се реализират идната година. Некој улици што беа планирани преку Светска банка се реализираа. Во споредба со лани се оде плански каде што може и каде што има загрозени села со неасфалтирани улици. Некои се напишани со одредена метража со цел доколку излезат средства и повици да може да се земат во предвид да се реагира. Незначи дека оваа програма нема да се менува, секако до година ќе се менува бидејки се најавуват повици каде што ке се градат повеќе улици но потребни ни се и канализации. Доколку има повик дека немаме учество нема да се остави само на другите општини да градат ќе учествува и нашата општина ке се има у предвид тие села каде што нема изградено патишта. Скоро се реализираше и патот Нова Маала – Добрашинци еден од најзагрозените патишта, преку Министерството за локална средина е добиено средства и општина Василево доби и се реализираше проектот на време . Градоначалникот Славе Андонов рече дека има одено кај министерот и се одлучи на 4 општини договорите ќе бидат раскинати поради ненавремена реализација. Василево успеа да ги реализира тие проекти а со тоа и да ги добие средствата до крајот на годината. Рече дека за Радичево веке е објавен тендер улицата до црквата, рок на реализација е 6 месеци најкасно до летото треба да се реализира. Исто така е аплицирано за Дукатино до Југоисточниот регион улицата до манастирот св. Ѓорги.

Александра Мадевска го праша градоначалникот што со камионите што се движат по главниот пат Слобода према Нова Маала доколку продолжат за една година се забележува оштетување на патот, праша дали општината планира одредени мерки да преземе доколку може да бидат пренасочени по друг пат бидејќи сметат и на сообракајот.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече доколку имат советниците видено во програмата за работа на совет треба на полугодие да се бара извештај за безбедност на патиштата од МВР долго време нема никој дојдено може да се пушти допис за да присуствува нивни представник за да може и ние да му ги кажеме нашите проблеми тоа е добар предлог ние градиме а некој ни ги уништува патиштата, исто на тој начин е уништен патот Василево – Пиперево.

Ристо Делјанов рече дека од камионите на Пешо Инжинеринг има истурено на патот на три места бетон кој е замрзнат. Исто така камионите на Комуналец носат губрива и ја нарушуват безбедноста на сообракајот.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека ке испрати барање да се договорат

Ване Андонов во однос на програмата предлага во село Ангелци изградба на две улици по 50м во вкупна должина од 100м

Рече дека едната улица е реална потреба а другата улица од 50 м се од предходно нецелосно асфалтирана улица се работи за улица од Водната на доле а останатите 50 м таму има 4 домакинства каде што не е асфалтирано до крај негов предлог е да влезе во програмарта

Билент Исинов предлага во наредната година во програмата да влезе Градашорци малата долга околу 500м со продолжение асфалтирање на улица од 100м

и на главната улица 1 слој да се постави нов асфалт

рече дека и за тие 150м што ги кажа градоначалникот што ги планира ќе биде подржан Градоначалникот Славе Андонов вкупно иснесуват околу 600м тоа е половина програма никогаш во нашата програма нема реализирано 600м тоа може да оде само преку проект инаку неможе да се реализира од тие причини, реално е напишано од 150м може до 250м но 600м е невозможно бидејки какошто сме во ваква состојба нема да сака ниту една фирма да асфалтира. Доколку биде 600м треба да се прави проект за да може некаде да се аплицира дали ке биде ТИКА или некое министерство за тоа заедно ќе одлучат рече дека ј имаше една идеа сега реакците се други на граѓаните според него ќе се одлучи таму каде што е најпотребно, исто така и за центрот дел ке се реализира дел понатаму ќе остане доколку излезе прилика догодина да се аплицира и целосно да се реализира . Има добра релација со Тика и турскиот амбасадор ќе има прилика и тој да види за тоа тие се расположени повеќе да вложат во општина Василево бидејќи ќе има двојазичност и сите советници се согласни да подржат според законот и нивните рамки да помогнат. Според него догодина ќе има можност да се реализират повеќе проекти каде што има турско население а да се асфалтират 600м тоа е многу.

Крсто Панов во Василево се планирани 250м праша каде се планирани.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека само е дадена метражата општо не е кажано за кој места не се знае дали ќе има средства граѓаните барат канализација ќе биде реализирано таму каде што има потреба за тоа ќе одлучи заедно со советниците тоа се 3 до 4 улици неасфалтирани и главната улица што е во Василево од домот до Пиперево исто и улицата кај Сашко мегутоа се чека таму ќе мине фекална канализација да не се асфалтира пак да се копа предходно има ставано атмосверска канализација за после да биде да биде полиена од Дијагонала фекалната до домот оваа улица и така беше ископана за атмосверската канализација ќе се стави и фекална догодина да се асфалтира и тој дел да заврши.

Крсто Панов праша до каде е патот од Василево до Пиперево.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека тој проект е одбиен секогаш приоритет се дава за по еден проект на секоја општина.

Билент Исинов според кажувањето на градоначалникот половината средсва ке одат за таа улица доколку се планира да се асфалтира по 50м секоја година од тоа ништо небива негово мислење е доколку се најде начин од некое министерство или донација да се настојува целосно да се реализира тоа е неговиот предлог

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека доколку се прави мора тој слој да се изгреба доколку се стави врз него ке се одлепи .

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Ване Андонов програмата да влезе во село Ангелци да се асфалтират две улици во вкупна должина од 100м беше ставена на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Петата точка од дневниот ред: Предлог-програма за изградба, реконструкција, одржување на локални патишта и улици во 2023 година со усвоениот предлог на Ване Андонов Андонов во програмата да влезе во село Ангелци да се асфалтират две улици во вкупна должина од 100м беше ставена на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

6

По отворената расправа по шестата точка од дневниот ред: Предлог-програма за уредување на просторот на градежното земјиште во руралните подрачја во општина Василево за 2023 година година за збор се јави Ристо Делјанов претседател на комисијата за урбанизам за комунални дејности и заштита на животната средина рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Оразложение даде градоначалникот Славе Андонов рече дека таа е една од поважните програми опфатени се повеќенаменски игралишта кој треба да се реализират. Тендерот во Василево за повеќенаменско игралиште е при крај ќе треба фирма да се избере до крајот на годината ќе се реализира исто и за Висока Маала има преговори со донаторот кој што може да даде и дел од средсвата од општината ке ги има само земјените работи идната година треба да се реализира. Повеќенаменското игралиште во Радичево е за реконструкција едно од полошите заедно со Владевци но се даде приоритет на Радичево нивната идеа е граѓаните да организират турнир на св Илија.

Повеќенаменското игралиште во Чанаклија треба да падне на терет на општината и парќерното уредување во центарот на Нова Маала за тоа се обезбедени средства ќе се реализира на пролет околу 4.000 000 денари тендерот ќе се распише штом се изгласа буџетот средсвата се одобрени договорот е подпишан од Бирото за регионален развој и ќе има 100% реализација.

Немаше друг пријавено за збор шестата точка од дневниот ред: Предлог-програма за уредување на просторот на градежното земјиште во руралните подрачја во општина Василево за

2023 година година беше ставена на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

7.

По отворената расправа по седмата точка од дневниот ред : Предлог-програма за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2023 година за збор се јави Ристо Делјанов претседател на комисијата за урбанизам за комунални дејности и заштита на животната средина рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Оразложение даде градоначалникот Славе Андонов рече дека преку оваа програма се гледа иднината на општината, оваа година беа донесени урбанистичките планови Владевци, Градашорци и Ангелци во напредна фаза е и за и Василево, мегутоа Пиперево има прилика наредната година треба да се донесат за да одат работите како што треба. Тука се опфатени некои инијацетиви кој ги имат доставено приватни и правни лица кои што сакат сами да инвестират. Сега само се продолжува од минатата година. Во постапка е џамијата во Добрашинци приватен инвеститор и за фотоволтаици во Ангелци кој што се при крај таму е приватен инвеститор во скоро време треба да се заврши. За прв пат нашата општина ќе има изградба на фотоволтаици 600 kw прв инвиститор кој што планира да донира и на општината да бидат поставени фотоволтаици на општинската зграда. Идната година ке се реши проблемот со Саво каде општината ке земе и комуналии.

Александра Мадевска има разговарано со лице од Турција сака да инвестира во општината бара место сака да поднесе Барање праша дали општината располага со такво место каде што може да бидат поставени панели за производство на струја.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека има многу луге што сакат да разговарат со директорот на EVN вика дека не може треба да се уложат многу средства доколку се додели на кај Нова Маала потребни се 1.000 000 евра тоа е одлука на инвеститорот тој лично има некоја идеа има одредена површина што може да се легализира како општина и да ја продадат да може општината да се одблокира и да почне да фунционира. Има инвеститори од Јапонија и Индија но не им верува. Доколку општината обезбеди парцела ќе има оглас за тие што се заинтересирани да земат.

Александра Мадевска рече дека комуницира со човек кој сака да дојде да виде сите трошкови ќе ги поднесе, половината трошкови инвеститорот сака да ги плати и во текот на реализацијата и останатите да ги исплати сака да праша дали општината е подготвена за да не се најде во лага.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека прво треба да се презентират условите кој што ги има во моментот нема урбанистички проект за фотоволтаици, добро е што не треба урбанистички план кој што се чека 5 до 6 години и за една година се завршува.

Крсто Панов праша дали има земјиште за продажба

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека секое земјоделско земјиште доколку е слободно доколку советот и градоначалникот одлучат дека оваа земјиште ќе се направи градежно тоа се прави со урбанистички проект по автоматизам законот кажува ова земјиште не е веќе земјоделско. Доколку се одлучи земјиштето да биде урбанизирано за фотоволтајци Министерството за земјоделие мора да го даде на општината да управува и од кога ќе стане градежно тогаш општината управува се прават урбанистички проекти земјиштето станува градежно иде под друг закон, рече дека во моментот нема такво земјиште.

Илми Мустафов праша Во Градашорци на сред село кај Марем блокот од околу 35 декари 7 до 8 години не е изграден праша дали има рок до кога треба да се изгради дали е запознаен градоначалникот за тоа.

Славе Андонов рече дека се работи за акционерско друштво основано од владата за тоа земјиште што е земено се жалеле дека му немат издадено одобрение тоа е завршено веќе му имат издадено одобрение исто и тој ќе чека комисијата за продажба на градежно земјиште таму случајот е поспицифичен бидејќи немаме пракса оди со одлука на Влада на користење дали подлежи на дирекна спогодба или јавна аукција има правни работи и не верува дека брзо ќе се реши а и општината нема капацитет за тоа нема кадар таму директор е Албанец, рече дека тој блок е веќе урбанизиран.

Седмата точка од дневниот ред : Предлог-програма за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2023 година, беше ставена на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

8.

По отворената расправа по осмата точка од дневниот ред: Предлог-програма за уредување на градежно земјиште во индустриска зона во општина Василево за 2023 година за збор се јави Ристо Делјанов претседател на комисијата за урбанизам за комунални дејности и заштита на животната средина рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Градоначалникот Славе Андонов рече дека програмите се планови најчесто оваа програм а се носи за индустриските зони што ги има во општината за тоа има потреба од комунална инфраструктура каде што не е завршено и има потреба од вода , струја канализација некаде пат да се пробие оваа програма се носи од тие причини.

Немаше друг пријавено за збор:осмата точка од дневниот ред: Предлог-програма за уредување на градежно земјиште во индустриска зона во општина Василево за 2023 година беше ставена на гласење од 14 присутни советници, Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема

9.

По отворената расправа по деветата точка од дневниот ред : Предлог-програма за изградба и реконструкција на Детски градинки за 2023 година за збор се јави Спасенка Митева претседател на комисијата за Општествени дејности рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Славе Андонов рече дека Оваа програма е одкога почна да се гради градинката во село Ангелци која што е при крај обврските од општината се завршени само треба да се набават некој детски реквизити градинката ги набави и останува во јануари да се пушти Рече дека Министерството за труд и социјална политика е за пофалба има најдобра соработка кој што му излева во сусред да се реализира тој проект

Илми Мустафов градинката каде што е направена игралиштето се е испокршено праша дали може нешто да се преземи за да заличи детската градинка

Славе Андонов рече дека станува збор за парк а не детска градинка.

Александра Мадевска праша дали објектот што е во старото школо во Добрашинци е наменето за нешто друго да се прави дали неможе да се издејствува за да биде градинка за трите населени места Добрашинци, Нова Маала и Висока Маала тој објект е нефункционален моментално е неискористен праша дали може да се пренамени да биде од корис на граганите.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека Европската унија го удобри како граничниот повик што ке излезе во јануари како општина сме во пријателски односи со Кресна од Бугарија има разговарано со тамошниот градоначалник за кој области ќе се аплицира, апликациите ќе бидат догодина европската унија дозволува да се аплицира тој објект се вклопува во тоа што го бара европската унија, исто треба да одговара и проектот од Бугарија како што беше градинка тука и градинка во Бугарија тие ја дадоа идејата да се изгради прв пат и во македонија некое школо за дневен престој на деца за час во природа. Исто така ќе доагат и деца од Бугарија и нашите ке одат таму, називот ќе биде зелени школи нема да има градинки ќе има парк фотоволтајци општината е во план да аплицира со два проекти на едниот ќе биде носител општина Василево а на другиот носител ќе биде Бугарија . Тој објект во кампанијата го имао беќано како мултифунционален центар нема таков објект и домот во Василево е срушен нема каде да се одржи состанок има разговарано со стари луге од Добрашинци имат кажувано дека нема каде да седнат таму се планираше да има соба за стари и млади доколку се успее со Бугарија ќе се оди со тој проект и секако тој објект ќе добие некоја завршница дали ќе биде Мултифункционален центар или зелено школо тука ке го најде своето место

Деветата точка од дневниот ред : Предлог-програма за изградба и реконструкција на Детски градинки за 2023 година. беше ставена на гласење од 14 присутни советници, Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема

10.

По отворената расправа по десетата точка од дневниот ред : Предлог-програма за локален економски развој на подрачјето на општина Василево за 2023 година за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Образложение даде градоначалникот Славе Андонов рече дека тоа е околу делот на проектите тука се потенцирани ИПА фондовите оваа година ќе биде важна во наредната година вероватно и ќе се менува со тоа што ќе се аплицира. Спомнати се и некој проекти што ќе ги има преку апликации Рече дека е незадоволен од односот на Министерствата према општините за Василево е одобрено 24.000 000 денари за реконструкција во јануари оваа година во програмата министерството има објавено само10.000 денари што не може ни една врата да се смени. Има разговарано со дел од пратениците да оде на седница како пратеничко прашање во парламентот да се направи притисок програмата се прави во јануари идната година да се предвидат поголеми средства.

Ристо Делјанов рече дека во Нова Маала вецинјата во школото се во хаос може да се појават и зарази доколку мозе да се преземат одредени мерки.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево оваа програма е за проекти што се аплицират повеќе пати рече дека што се однесува до Вецињата многу пати се поправани и не се направени еднаш треба да се направи за секогаш бидејки децата таму го минуват денот

Десетата точка од дневниот ред : Предлог-програма за локален економски развој на подрачјето на општина Василево за 2023 година беше ставена на гласење од 14 присутни советници, Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема

11.

По отворената расправа по единајсетата точка од дневниот ред: Предлог-програма запоставување на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација на локалните патишта и улици по населени места во општина Василево за 2023 година година за збор се јави Ридван Мемедов претседател на комисијата за јавна безбедност, безбедност на сообракајот и против пожарна заштита рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека оваа програма не успеа да се реализира се труди последните денови од месецот да се распише тендер за сообраќајни знаци да се набават најголема потреба граѓаните имат од лежачки полицајци еден лежачки полицаец кошта 2000 евра потребни се во Добрашинци, Нова Мала, Василево, Пиперево смета дека нема потреба од вложување на толку средства за тоа потребно е и проект, знак и лежачки полицајци. Сега ќе мора да се менат и таблите да бидат двојазични, ке се менат таблите према Висока Маала треба да бидат двојазични тоа е според законот и правото кој го има добиено на последниот попис. Ќе биде сменета и таблата во Василево негов предлог е да пишува и на англиски јазик ке се потруди до крајот на годината да распише тендер е во преговори со Миле од Велуса тој е единствен што ги обавува тие работи.

Илми Мустафов во Градашорци има проблем скршено е огледалото на патот што оди за Ангелци се случуват собраќајки, столбот стои нема огледало.

Крсто Панов праша дали може да се издејствува да не се дават средства тие пари да се искористат за друго да се земат неколку вреки цемент да се најде мајстор да ги направи. Александар Митров праша дали средствата ќе бидат од општината според него тоа е голем промашај што се дават средства за тоа после неколку време децата ги кршат. Што се однесува за лежацките полицајци кај домот смета дека тоа не личи на ништо ногу е висок треба да се намали , праша дали треба да дојде инспектор да одобри.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека треба да се стават лежачки полицајци на патот од Висока Маала према Добрашинци исто и кај школото во Добрашинци има ногу критични места.

Александра Мадевска рече дека има сликано слики каде што има градено лежечки полицајци тоа не личи на ништо сите тоа ќе го потврдат бидејќи градоначалникот кажа како општина немат право тоа да го градат барем како совет може да се договорат да се градат таму каде што треба но не да бидат половина метар високи да не можат децата да поминат, смета дека фалат полицајци и треба да се стават покрај училиштата.

Илми Мустафов во Градашорци кај нивното школо нема знак каде што одат децата нема ни лежачки полицајци таму е главен пат за Ангелци одат мали деца во забавач гледа дека возилата брзо одат децата од дома сами ги пуштат смета дека треба да има знак ипешачки и да биде поставен лежачки полицаец.

Градоначалникот Славе Андонов рече дека ќе се потруди и во рамките на можностите нешто да преземе.

Единајсетата точка од дневниот ред: Предлог-програма запоставување на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација на локалните патишта и улици по населени места во општина Василево за 2023 година година, беше ставена на гласење од 14 присутни советници, Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема

12

По отворената расправа по дванајсетата точка од дневниот ред: Предлог-програма за спорт, рекреација и манифестации на подрачјето на општина Василево за 2023 година година, за збор се јави Спасенка Митева претседател на комисијата за Општествени дејности рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Градоначалникот Славе Андонов рече дека настојува да не се изостави некоја манифестација што е традиционална во општината што е во рамките на можностите на општината само нема да има Новогодишен- Божикен турнир сите други ги има како во ланската година нема додадено нови само за фудбалскиот клуб Василево од 700.000

денара средствата се покачени на 1.000 000 денари доколку има потреба ќе бидат зголемени се зависи од состојбата на општината..

Ридван Мемедов рече дека во програмата два пати се повторува Курбан Бајрам за Градашорци праша дали нема грешка во програмата.

Илми Мустафов предлага да се измени во програмата за Рамазан Бајрам во Василево да биде 25.000 денари а за Курбан Бајрам во Градашорци турнир фудбал да биде во износ од 35.000 денари

Билент Исинов рече дека ланската година во програмата немаше за Василево средствата нека бидат изедначени по 35.000 денари

И за настани по повод Ивтар 30.000 денари рече дека тој беше инцијатор минатата година градоначалникот беше критикуван сака да му каже дека со 30.000 денари не може ништо да се направи и побара од градоначалникот да се изјасни што планира за оваа година. Градоначалникот Славе Андонов рече дека минатата година одеше како дополнителна точка на Совет со промена на програмата треба да се смени испуштено е тоа со предлогот на Билент да биде 50.000 денари направено е пропус

Билент Исинов рече дека малку се тие средства

Градоначалникот Славе Андонов рече дека неможе повеќе да даде.

Ридван Мемедов предлага за турнирот на Рамазан Бајрам во Василево и турнирот на Курбан Бајрам во Градашорци да биде по 30.000 денари.

Ване Андонов праша за бр 24 здруженија од Ангелци за што конкретно станува збор за што се дават тие пари и како тоа здружение се најде тука и која е поентата. Градоначалникот Славе Андонов рече дека треба да се супвенционират клубови Одбојкарски клуб Сушево, Сушевски Бисери. рече дека се работи за успешен спортски клуб се работи за човек со инвалидитет има учествувано на олимпијадата , за информација оваа година не успеа да му пушти пари бидејќи нема но ќе се потруди до крајот на годината да му исплати барем 20.000 денари

Александар Митров рече дека почна и да се претерува, на Митровден црквата даваше ручок во Василево нема дадено ниту денар од општината. Исто така и на Богородица црквата прави слава нема побарано ниту денар, само еднаш има побарано помош од општината и сеуште не се исплатени средствата смета дека не треба да се претерува со тоа.

Билент Исинов рече дека тоа се ич пари никој не потерал пари за Ивтар 40 дена се пости секој си има организирано за да не биде посрамен градоначалникот за тоа тој кажа дека тие се малку пари.

Александра Мадевска околу Гулабите во село Чанаклија такви здруженија што се во програмата да не се дават средства за глупости ниту советот ниту општината треба да доделува средства.

Ване Андонов сака да се надоврза на советникот Александар и Билент колку што разбра градоначалникот кога оди во некое село на Ивтар со тие пари треба да даде вечера тоа го има во населените места каде ги има турските заедници по негова логика излегува дека турската заедница е превилегирана според тоа градоначалникот на Митровден да го честита празникот треба да го плати и бикот. Оваа година како е направена програмата ќе се гласа но за до година смета дека тие работи треба да бидат тргнати. Доколку е така сите села на Митровден треба да барат од градоначалникот да купи бик според него Ивтар си постои верска заедница во Грдашорци исто и македонците имат црковен одбор кој што секоја кука донира средства.

Билент Исинов рече дека на седницата може и да не се гласа за тој предлог но лани кога одеше градоначалникот на црквата сигорно ќе однесе по нешто тој како претседател н а џамискиот одбор знае како се организира од искуство кажува никој ништо не бара како градоначалник треба да се истакне.

Ване Андонов се јави за реприка на Билент Исинов рече дека и тој до година за Митровден ќе поднесе Барање градоначалникот да го купи бикот.

Крсто Панов предлага во програмата за Рамазан Бајрам во Василево и за Курбан Бајрам во Градашорци турнир фудбал да биде по 30.000 денари

И предлага за Ивтар настан 50.000 денара

Ристо Делјанов предлага да се направи измена во програмата

Под број 5 треба да биде Курбан Бајрам турнир во Градашорци 30.000денари

И под број 6 се мени и треба да стои Рамазан Бајрам во Василево турнир 30.000 денари

Предлага за Ивтар настан од 30.000да се зголеми на 50.000 денари.

Ване Андонов предлага за настан Митровден во Градашорци за ручек да се доделат 40.000 денари

Градоначалникот Славе Андонов рече дека сите се верници и секој сака сам да си прави верува дека и граганите сами ке сакат да си плаќат за такви настани да не претеруват советниците.

Билент Исинов се јави за збор рече дека го повлекува неговиот предлогот за Ивтар настан да се доделат 50.000 денари.

Ридван Мемедов предлага за Ивтар настан да се доделат 50.000 денари

Немаше друг пријавено за збор предлогот да се направи измена во програмата, под број 5 треба да биде Курбан Бајрам турнир во Градашорци 30.000денари и под број 6 се мени и треба да стои Рамазан Бајрам во Василево турнир 30.000 денари , беше ставена на гласење од 14 присутни советници, Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,,1 и ,, воздржани,, нема

Предлогот на Билен Исинов да се повлече предлогот за Ивтар настан да биде 50.000 , беше ставена на гласење од 14 присутни советници, Советот на општина Василево гласаше 1 гласа,, за,, ,, против,,7 и ,, воздржани,, 2, Советот не го усвои предлогот на Билент Исинов

Предлогот за Ивтар настан да биде 50.000 денари, беше ставена на гласење од 14 присутни советници, Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема

Дванајсетата точка од дневниот ред: Предлог-програма за спорт, рекреација и манифестации на подрачјето на општина Василево за 2023 година година, со усвоените предлози да се направи измена во програмата, под број 5 треба да биде Курбан Бајрам турнир во Градашорци 30.000денари и под број 6 се мени и треба да стои Рамазан Бајрам во Василево турнир 30.000 денари , И предлогот за Ивтар настан да биде 50.000 денари, беше ставена на гласење од 14 присутни советници, Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

13.

По отворената расправа по тринајсетата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од ЗТКХ „Али бег“ од с. Градашорци за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 4 присутни члена поради судир на интереси Билент исинов беше иземен од гласење ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема. да се доделат средства во износ од 8.000денара. Средствата се доделуват по повод настанот денот на турската азбука да се покријат дел од трошковите на настанот кој што се организира во Скопје во спортската сала „Борис Трајковски“ ќе одат неколку возила на тој настан од турската заедница да прослават.

Немаше друг пријавено за збор предлогот од комисијата да се доделат 8.000 денари по повод настанот ден на турската азбука за покривање на дел од трошковите, беше ставена на гласење од 14 присутни советници, Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Тринајсетата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од ЗТКХ „Али бег“ од с. Градашорци со усвоениот предлог се доделат средства во износ од 8.000денара. , беше ставена на гласење од 14 присутни советници, Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

14.

По отворената расправа по четиринајсетата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од организациски одбор на католичката црква „Успение на пресвета Богородица“ од с. Нова Маала за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 4присутни члена ја усвои со 4 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, комисијата донесе закчучок да се додели спонзорство општина Василево ќе донира телевизор.

Градоначалникот Славе Андонов рече дека ќе се потруди да биде субвециите за мобилните телефони за да нема трошкови.

Донесениот заклучок да се додели спонзорство општина Василево ќе донира телевизор по барањето поднесено од организациски одбор на католичката црква „Успение на пресвета Богородица“ од с. Нова Маала, беше ставена на гласење од 14 присутни советници, Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема. Четиринајсетата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од организациски одбор на католичката црква „Успение на пресвета Богородица“ од с. Нова Маала со донесениот Заклучок да се додели спонзорство општина Василево ќе донира телевизор, беше ставена на гласење од 14 присутни советници, Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

15.

По отворената расправа по петнајсетата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Гамзе Исинова. за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 4 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, 1 и ,, воздржани,, нема да се доделат средства во износ од 20.000 денари

Предлогот од комисијата да се доделат 20.000 денари по барањето доставено Гамзе Исинова, беше ставена на гласење од 14 присутни советници, Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Петнајсетата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Гамзе Исинова со усвоениот предлог се доделат средства во износ од 20.000денара. , беше ставена на гласење од 14 присутни советници, Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

16.

По отворената расправа по шеснајсетата точка од дневниот ред: Барање за реализација на службената употреба на Турскиот јазик и неговото латинично писмо на територијата на општина Василево за збор се јави Ридван Мемедов за 2023 година во програмата да биде планирано средства за турскиот јазик и неговото латинско писмо на територијата на општина Василево. таблите да бидат двојазични и вработување со високо образование во 2023 година од турската насионалност во општина Василево.

Славе Андонов Градоначалник на општина Василево рече дека има зборувано дека вработувањето не е во законот со пописот тие права турската заедница ги има добиено пред пописот а што не си ги знат правилата тоа е друго, тоа го има работено на огласи што значи балансиерот е тоа за што се дискутира во парламентот и кога треба да се даде оглас некој да се вработи балансиерот автоматски ваде . имаше објавено оглас за правник ако не се пријави турчин законот кажува уште еднаш да се објави и тогаш ако не се пријави турчин тогаш се оди со македонец да се вработи. Рече дека уште од порано ги имаше правата проблемот е што не се пријавува турчин со високо образование. Околу таблите сето тоа ќе се реализира наредната година со тендер за набавка на знаци. Негова интенција е дека ќе прима еден турчин во општината со високо образование ќе треба томач некој што ќе пишува на двојазичност.

Билент Исинов оваа точка двапати се става на дневен ред првиот пат ја предложи се повлече се прифати предлогот на ридван настана тензии на разгледувањето се одлучи да се одпочне од некаде да се реализира добро кажа градоначалникот некој работи се кријат доколку треба нека се планират и средства во буџетот.

Крсто Панов да не се ствара тензии меѓу граганите се што е според законот треба да добијат.

Билент Исинов се јави за реприка нема никакво препукување туку бара што ги следува според законот.

Ристо Делјанов можеби треба и преведувач но советникот Билент разбира на македонски смета дека нема потреба од вработување на преведувач тензично е тоа .

Александра Мадевска рече не е битно кој ја предложил точката сите се свесни и сведоци и од сите петнаесет советници ќе биде прифатена точката тоа беше прифатено уште првиот пат нема ништо скриено во општина Василево има вработени во комуналното предпријатие со турски јазик проблемот е тоа што немат соодветно образование доколку има со соодветен кадар на турски јазик смета дека ќе биде прифатен.

Билент Исинов се јави за реприка рече дека и порано бил советник за време на ВМРО и СДСМ смета дека некој работи се кријат тоа што ги следува тоа и барат ништо повеќе од тоа градоначалникот треба да вработи турчин со соодветно образование.

Славе Андонов Градоначалник на општина Василево рече дека има препукувања меѓу турските партии треба да бидат единствени да го подржат на советникот Ридван Мемедов знаците, таблите и еден турчин да се вработи еденствено треба да се донесе Заклучок градоначалникот да спроведе новонастанатата ситуација според последниот попис.

Немаше друг пријавено за збор Заклучокот од градоначалникот да спроведе новонастанатата ситуација според последниот попис, беше ставена на гласење од 14 присутни советници, Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Шеснајсетата точка од дневниот ред: Барање за реализација на службената употреба на Турскиот јазик и неговото латинично писмо на територијата на општина Василево со усвоениот Заклучок од градоначалникот да спроведе новонастанатата ситуација според

последниот попис, , беше ставена на гласење од 14 присутни советници, Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

17.

По отворената расправа по седумнајсетата точка од дневниот ред: Барање од Одборот на џамијата во село Василево поради потребата за одобрување за градежни материјали. За збор се јави Ридван Мемедов предлага да се одобрат средства во износ од 30.000 денара.

Билент Исинов рече дека тие имат теолог оџа од Турција кој што тука ќе живее 5 години советот треба да биде похумани. Предходно има донесувано одлука за сите верски објекти да се доделуват по 15.000 денари рече дека се залага да се донесе Заклучок безразлика дали ќе биде џамија или црква негов предлог е да се доделат 50.000 денари

Славе Андонов Градоначалник на општина Василево рече дека однегова страна кажано е ке одреди средства според можностите на општината но нема кажано дека ќе додели 50.000 денари. Рече дека тендерот за градежни материјали е 150.000 денари може да побарат и други, доколку е верник ќе свати тие се условите и доколку се изгласа предлогот но нема да може да се исплатат тие средства . Смета дека сумата од 30.000 е доволна.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Ридван Мемедов 30.000 да се доделат за градежни материјали по: Барање од Одборот на џамијата во село Василево, беше ставена на гласење од 14 присутни советници, гласаа 7,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема. Советот не го усвои предлогот

Предлогот на Билент Исинов 50.000 да се доделат за градежни материјали по: Барање од Одборот на џамијата во село Василево, беше ставена на гласење од 14 присутни советници, гласаа 5,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема. Советот не го усвои предлогот Седумнајсетата точка од дневниот ред: Барање од Одборот на џамијата во село Василево поради потребата за одобрување за градежни материјали Советот на општина Василево не го усвои.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Ристо Делјанов ја затвори 17- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на општина Василево
Претседател
Ристо Делјанов